**УПРАВА ЗА ФИНАНСИСКО РАЗУЗНАВАЊЕ**

# УПАТСТВО
# ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА МЕРКИТЕ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ КОН НОСИТЕЛИТЕ НА ЈАВНИ ФУНКЦИИ

**Октомври, 2018 година**

**ВОВЕД**

Носителите на јавни функции се лица на кои им е или им била доверена определена јавна функција. Поради нивната положба и влијание утврдено е дека носителите на јавни функции се наоѓаат во позиција во која може потенцијално да бидат злоупотребени за целите на перење пари (ПП). Наодите од спроведената Национална проценка на ризикот од перење пари и финансирање на тероризам покажуваат дека кривичното дело „злоупотреба на службената положба и овластување“ претставува едно од кривичните дела кои претставуваат најголема закана за ПП во Република Македонија.

Потенцијалните ризици поврзани со носителите на јавни функции ја оправдуваат примената на дополнителни мерки за спречување на перење пари или финансирање на тероризам (СПП/ ФТ). Примената на овие превентивни мерки не треба да се толкува како основа за обивање или прекинување на деловните односи со носителите на јавни функции туку како сет од мерки со кои треба адекеватно да се управува со резидуалниот ризик кој го носат овој вид на клиенти.

Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам („Службен весник на Република Македонија“ бр 120/2018) (Законот) пропишува мерки за СПП/ ФТ кои сите субјекти - финансиски институции и нефинансиски дејности и професии, без оглед на големината и дејноста која ја вршат имаат обврска да ги преземаат кон носителите на јавни функции.

**„НОСИТЕЛИ НА ЈАВНИ ФУНКЦИИ“- ПОИМ**

Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам во член 2 точка 21 го дефинира поимот „носители на јавни функции“.

„Носители на јавни функции” се физички лица на кои им е или им била доверена јавна функција во Република Македонија или во друга држава, како:

а) претседатели на држави и влади, министри и заменици или помошници министри;

б) избрани претставници во законодавната власт;

в) судии на врховни или уставни судови или други носители на високи правосудни функции против чија одлука, освен во исклучителни случаи, не може да се користат правни лекови;

г) членови на органи на управување на супервизорски и регулаторни тела и агенции, државна ревизорска институција и членови на одбор на централна банка;

д) амбасадори;

ѓ) офицери од висок ранг во вооружените сили (чинови повисоки од полковник);

е) избрани и именувани лица согласно со закон и членовите на органите на управување и надзор на правни лица основани од државата;

ж) лица со функции во политички партии (членови на извршните органи на политичките партии);

з) лица на кои им е или им била доверена истакната функција во меѓународна организација, како директори, заменици директори, членови на управни и надзорни одбори или други еквивалентни функции и

ѕ) градоначалници и претседатели на совети на општини.

За носители на јавна функција од точка а) до ѕ) се сметаат лицата најмалку две години по престанокот на извршување на јавната функција, а врз основа на претходно спроведена проценка на ризик од страна на субјектите.

Поимот „носители на јавни функции“ вклучува и:

1) членови на семејството на носителот на јавна функција и тоа:

- брачен другар или лице со кое носителот на јавна функција е во вонбрачна заедница,

- деца и нивни брачни другари или лица со кои децата на носителот на јавна функција се во вонбрачна заедница или

- родители на носителот на јавна функција.

2) лице кое се смета за близок соработник на носителот на јавна функција е физичко лице:

- за кое е познато дека има заедничка правна или вистинска сопственост врз правно лице, има склучено договори или воспоставено други блиски деловни врски со носителот на јавна функција или

- кое е единствен вистински сопственик на правно лице или правен аранжман за кое е познато дека се основани во корист на носителот на јавна функција,

При имплементирање на мерките за СПП/ ФТ и одредување на лицата кои се „носители на јавни функции" субјектите треба да ги земат предвид следните фактори:

- опсегот на лицата на кои им била доверена јавна функција;
- временското ограничување и
- членовите на семејството и блиските соработници.

Законот дава примери на јавни функции кои може да им се доверат на лицата од страна на владите на други држави, Владата на Република Македонија или меѓународни организации. Имајќи ги предвид целокупните состојби и заложби за намалување на степенот на корупција, во примерите наведени во Законот опфатени се и градоначалници и претседатели на совети на општини, но исто така, еднакво строг третман е определен кон сите носителн на јавни функции без оглед дали станува збор за државјани на Република Македонија или странци.

Од аспект на временското ограничување, Законот определува субјектите да применат пристап базиран на ризикот кога го определуваат временскиот период по истекот на мандатот на носителот на јавната функција за кој тој сеуште се смета за носител на јавна функција од апект на примена на мерките за СПП/ ФТ. Како специфични фактори на ризик при определување на овој период треба да се земат предвид:
-нивото на (неформално) влијание кое носителот на јавна функција сеуше го има,
-функцијата кој за извршувал во својот мандат,
-дали постои поврзаност меѓу функцијата која ја извршувал и дејноста која продолжил да ја врши и др.

Во овој контекст, Законот ја определува долната граница, односно во периодот од најмалку 2 години од истекот на мандатот носителот на јавната функција сеуште се смета за носител на јавна функција.

Одредувањето на членовите на семејството и блиските соработници на носителот на јавни функции и определувањето истите да бидат опфатени под режимот на „носители на јавни функции" е оправдано од причина што постои потенцијална можност роднинската и деловната поврзаност да биде искористена, злоупотребена за целите на трансферирање или прикривање на приносите од криминал.

## МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ

Субјектите согласно Законот се должни да спроведат мерки за анализа кон сите клиенти без исклучок. Во случаите кога врз основа на спроведена проценка на ризикот над клиентот е утврдено дека истиот претставува клиент со повисок ризик, субјектот има обврска да спроведе дополнителни мерки заради адекватно управување со ризикот од ПП/ ФТ. Во случаи кога субјектот воспоставува, продолжува деловен однос или извршува определена услуга со клиент - носител на јавна функција, има обврска да сопроведе засилени мерки на анализа на клиенотот определени со член 36 од Законот.

Клиент - носител на јавна функција

Член 36

(1) Освен во случаите од членот 33 од овој закон, кога субјектот врши трансакции или воспоставува деловен однос со клиент - носител на јавна функција е должен да ги преземе следниве мерки на засилена анализа:

а) да утврди дали клиент - носител на јавна функција и/или вистинскиот сопственик е носител на јавна функција или да обезбеди негова изјава;

б) да обезбеди одобрение од високото раководство за воспоставување деловен однос со клиент - носител на јавна функција и/или вистинскиот сопственик, како и да обезбеди согласност за продолжување на деловниот однос со постоечки клиент - носител на јавна функција и/или вистинскиот сопственик кој станал носител на јавна функција;

в) да преземе соодветни мерки за да го утврди изворот на средствата и изворот на имот на клиент - носител на јавна функција и/или вистинскиот сопственик којшто е носител на јавна функција и

г) да врши засилено следење на деловниот однос.

(2) Субјектот е должен да преземе мерки со кои ќе утврди дали корисникот и/или вистинскиот сопственик на корисникот на животно осигурување и други осигурувања поврзани со вложување е носител на јавна функција.

(3) Во случаите од ставот (2) на овој член, субјектот е должен да го извести високото раководство пред исплатата на премијата од полисата на осигурување и детално да го разгледа и утврди целокупниот деловен однос со клиентот.

(4) Комисијата за спречување на корупција треба да изготви и води ажурирана листа на овие лица државјани на Република Македонија.

## МЕРКИ НА ЗАСИЛЕНА АНАЛИЗА

- **Одредувањето дали клиентот е „носител на јавна функција“**

Одредувањето дали клиентот или вистинскиот сопственик, односно неговите членови на семејството и блиски соработници се „носители на јавни функции“ е една од активностите која субјектите треба задолжитено да ја спроведат. Целта на оваа активност се постигнува со спроведување на мерките за анализа на клиентот, континуиран мониторинг на деловниот однос и ажурирање на податоците за идентитетот на клиентот.

***Извори на податоци корисни при одредување на „носители на јавни функции“***

Интернетот и социјалните мрежи може да бидат извори на инфрмации за одредување, мониторинг и потврдување на информациите во врска со носителите на јавни функции, иако во определени случаи истите не се доволно сепофатни или сигурни. Овие извори исто така, се корисни при утврдувањето на општи податоци за државата (степенот на корупција, режимот за отварање на сметки, односно дали во истата е дозволено носителите на јавни функции да отвараат сметки во др. држави).

Комерцијалните дата бази претставуваат дополнителен извор на податоци при утврдување на носители на јавни функции. Користењето на овој вид на бази не треба да го исклучи спроведувањето на анализата на клиенот, од причина што истите можат да наметнат погрешен заклучок дека лицето не е ностител на јавна функција доколку истото лице не е опфатено во базата.[1]

Друг извор на податоци при утврдување на носители на јавни функции се базите на податоци на доставени анкетни листови за имотна состојба. Покрај тоа што овие бази може да имаат позитивен ефект при утврдувањето на носителите на јавни функции, исто така овие листи може да се користат при процесот на засилен мониторинг на деловниот однос, односно да претставуваат основа за утврдување на конзистентноста на деловниот однос.

[1] При употребата на овој вид на датабази, треба да се има предвид:
-базите не се секоаш сеопфатни и секогаш сигурни од причина што истите се креираат од јавно достапни податоци
-критериумите кои се користат за одредување на лицата кои се опфатени со датабазите не секогаш се усогласени со законските дефиниции
-можности за неконзистентност при транслитерации или грешки при спелингот.

При користење на изјавата на клиентот кој (не) се декларира како носител на јавна функција, субјектот има обврска дадената изјава да ја потврди или негира со користење на податоци од претходно споменатите извори .

Методите, изворите и начините на утврдување на „носителот на јавна функција“ е тема која треба постојано да биде опфатена со интерните обуки кои субјектите ги спроведуваат за своите вработени и истовремено да биде и предмет на внатрешна контрола.

- **Обезбедување одобрение/согласност од високото раководство за воспоставување и продолжување деловен однос со клиент- носител на јавна функција и/или вистинскиот сопственик,**

Што претставува високо раководство зависи од големината, структурата и природата на субјектот. Целта на оваа мерка е да се обезбеди дека повеќе високи нивоа на менаџментот се свесни за деловните односи со носителите на јавна функција и дека таквите деловни односи потпаѓаат под соодветна контрола. За да се направи оваа проценка, лицата кои се вбројуваат во високото раководство треба да имаат добро познавање на програмите за СПП/ФТ на субјектот и разбирање на ризичниот профил на потенцијалните клиенти- носители на јавна функција . Лицата кои се вбројуваат во високото раководство треба активно да учествуваат во процесот на одобрување на политики и процедури на СПП/ФТ на субјектот.

Законот, во член 2 точка 28 го дефинира поимот високо раководство.

„Високо раководство на субјектот“ е лице кое со закон и интерните акти е овластено да управува и е одговорно за работењето на субјектот и кое има соодветни овластувања и функција да носи одлуки кои може да влијаат на изложеноста на субјектот на ризик од перење пари и финансирање на тероризам;

Одобрувањето или одбивањето на деловен однос со носители на јавна функција треба да биде во писмена форма. Механизмите за справување со горенаведеното треба да бидат дел од внатрешната контрола на субјектот.

- **Утврдување на изворот на средствата и изворот на имот на клиент- носител на јавна функција и/или вистинскиот сопственик кој што е носител на јавна функција**

Изворот на богатство се однесува на (потеклото на) целото богатство на носителот на јавна функција (т.е. вкупната актива). Овие информации вообичаено даваат индикација за обемот на богатството на клиентот и слика за тоа како носителот на јавна функција го стекнал богатството. Субјектите можат да обезбедат информации за богатството на носителот на јавна функција од комерцијални бази на податоци или други отворени извори.

Изворот на средствата се однесува на (потеклото на) средствата кои се предмет на деловниот однос помеѓу носител на јавна функција и субјектот (на пример, на средствата што се вложуваат, се депонираат или се поврзани со трансакции кои се дел од деловниот однос).

- **Засилено следење на деловниот однос**

Носителите на јавна функција секогаш се сметаат за клиенти, односно вистински сопстевеници со висок ризик, што значи дека секогаш кон нив треба да се применуваат мерки на засилена анализа и

вложување на доволно ресурси за спроведување на електронски системи за следење/мониторинг на релативно константна односно зачестена основа

Индикатори за сомневање поврзани со носителите на јавни функции кои се корисни за субјектите се дадени во Анекс 2 на ова упатство.

Субјектите чија дејност е осигурување на живот се должни да утврдат дали лицата кои се корисници на средствата од полисите за осигурување на живот се носители на јавни функции.

Законот во член 36 став 2 и 3 ги дефинира обврските кои се однесуваат на субјектите чија дејност е осигурување на живот.

(2) Субјектот е должен да преземе мерки со кои ќе утврди дали корисникот и/или вистинскиот сопственик на корисникот на животно осигурување и други осигурувања поврзани со вложување, е носител на јавна функција.

(3) Во случаите од став (2) на овој член, субјектот е должен да го извести високото раководство пред исплатата на премијата од полисата на осигурување и детално да го разгледа и утврди целокупниот деловен однос со клиентот.

## ПОСЛЕДИЦИ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД НЕСПРОВЕДУВАЊЕ НА МЕРКИТЕ НА ЗАСИЛЕНА АНАЛИЗА

Доколку субјектот не спроведе засилена анализа на клиентот – носител на јавна функција согласно одредбите од Законот се изложува на репутациски, правен и финансиски ризик, како и на ризик од злоупотреба од перење пари или финансирање тероризам.

Задолжениот субјект може да подлежи на санкции во случај на непочитување на релевантните одредби од Законот. Доколку субјектот не ги испочитува условите за засилена анализа на клиентот утврдени со член 36 од Законот, подлежи на глоба од 30.000 односно глоба во износ од 12.000 до 15.000 евра во денарска противвредност (член 162 и член 165 од ЗСППФТ).

Субјектите се обврзани и да прикажат ефикасна импелементација на мерките врз основа на пристапот заснован на ризик. Ако се смета дека субјектот соодветно не го проценил ризикот, а со тоа истиот може да биде искористен за перење пари или финансирање тероризам, или не применил степен на анализа соодветно на постоечките ризици,  може да доведе до потребата за санкционирање и изрекување глоби.

**АНЕКС 1**

## СПИСОК НА ЈАВНИ ФУНКЦИИ КОИ СОГЛАСНО ЗСППФТ СЕ СМЕТААТ ЗА „НОСИТЕЛИ НА ЈАВНИ ФУНКЦИИ“ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

| **Државен орган/институција/трговско друштво/јавно претпријатие/општина** | **Интернет страна** | **Носител на јавна функција** |
|---|---|---|
| Претседател на Република Македонија | http://pretsedatel.mk/ | Претседател |
| Влада на Република Македонија | http://vlada.mk/?q=vlada | Претседател, заменици на претседателот на Влада, министри без ресор |
| Генерален секретаријат | http://vlada.mk/?q=GenSec/ | Генерален секретар |
| Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија | http://vlada.mk/?q=vlada | Директор[2] |
| Секретаријат за законодавство | http://sz.gov.mk/index.php | Генерален секретар |
| Министерство за одбрана | http://morm.gov.mk/?page_id=48&lang=mk | Министер и заменик министер |
| Министерство за внатершни работи | http://moi.gov.mk/ | Министер и заменик министер |
| Министерство за правда | http://justice.gov.mk/ | Министер и заменик министер |
| Министерство за надворешни работи | http://mfa.gov.mk/index.php?lang=mk | Министер и заменик министер |
| Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | http://www.mzsv.gov.mk/ | Министер и заменик министер |
| Министерство за финансии | https://www.finance.gov.mk/ | Министер и заменик министер |
| Министерство за економија | http://www.economy.gov.mk/ | Министер и заменик министер |
| Министерство за здравство | http://zdravstvo.gov.mk/ | Министер и заменик министер |
| Министерство за образование и наука | http://www.mon.gov.mk/ | Министер и заменик министер |
| Министерство за труд и социјална политика | http://www.mtsp.gov.mk/ | Министер и заменик министер |
| Министерство за локална самоуправа | http://mls.gov.mk/mk | Министер и заменик министер |

[2] Во сите државни органи и институции каде покрај директор е именуван и заменик директор, за носител на јавна функција се смета и заменик директорот.

| | | |
|---|---|---|
| Министерство за култура | http://www.kultura.gov.mk/ | Министер и заменик министер |
| Министерство за информатичко - општество и администрација | http://mio.gov.mk/ | Министер и заменик министер |
| Министерство за транспорт и врски | http://mtc.gov.mk/ | Министер и заменик министер |
| Министерство за животна средина | http://www.moepp.gov.mk/ | Министер и заменик министер |
| Собрание на Република Македонија | https://www.sobranie.mk/pratenici.nspx | Пратеници, генерален секретар и заменици на генералниот секретар |
| Врховен суд на Република Македонија | http://sud.mk/wps/portal/vsrm/sud/!ut/p/z0/04_Sj9CPykssy0xPLMnMz0vMAfIjo8zizdxNTAwsvA18LIKDnAwcXQ3MLUIsHQ3c3Qz0C7IdFQGq9lSY/ | Судии |
| Уставен суд на Република Македонија | http://ustavensud.mk/ | Судии |
| Народна банка на Република Македонија | http://www.nbrm.mk/ | Гувернер, членови на совет |
| Државен завод за ревизија | http://dzr.mk/ | Главен државен ревизор, генерален секретар |
| Комисија за хартии од вредност | http://www.sec.gov.mk/Pages/Home.aspx | Претседател и членови |
| Совет за унапредување на надзорот на ревизијата | http://www.sunr.mk/index.php/mk | Претседател и членови |
| Регулаторна комисија за домување | http://www.rkd.gov.mk/ | Претседател и членови |
| Регулаторна комисија за енергетика | http://www.erc.org.mk/ | Претседател и членови |
| Агенција за регулирање на железничкиот сектор | http://arpz.mk/ | Директор |
| Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | http://avmu.mk/ | Директор и Совет |
| Агенција за супервизија на осигурувањето | http://aso.mk/ | Претседател и членови на Совет |
| Агенција за цивилно воздухопловство | http://www.caa.gov.mk/ | Директор |
| Агенција за пошти | http://www.ap.mk/ap.mk/ | Директор, претседател, заменик претседател и членови на Комисија |
| Амбасади | http://www.mfa.gov.mk/index.php?lang=mk | Амбасадори[3] |
| Офицери од висок ранг во вооружените сили | http://www.arm.mil.mk/ | Генерал на Армија, Генерал-потполковник, Генерал-мајор, бригаден генерал |

[3] За носители на јавни функции се сметаат амбасадори на странски држави и меѓународни организации, како и амбасадори на РМ во странски држави и меѓународни организации

| | | |
|---|---|---|
| Управа за безбедност и контраразузнавање | http://www.mvr.gov.mk/page/uprava-i-bezbednost-za-kontrarazuznavanje | Директор |
| Биро за јавна безбедност | http://www.mvr.gov.mk/page/biro-za-javna-bezbednost | Директор |
| Управа за извршување на санкциите | http://justice.gov.mk/uis_organizacija | Директор |
| Биро за судски вештачења | http://bsv.gov.mk | Директор |
| Управа за водење на матичните книги | https://www.uvmk.gov.mk/mk | Директор |
| Биро за застапување на Република Македонија пред Европскиот суд за човекови права | http://biroescp.gov.mk/ | Директор |
| Управа за имотно правни работи | https://finance.gov.mk/node/2918 | Директор |
| Царинска управа | http://www.customs.gov.mk/index.php/mk/ | Директор |
| Државен девизен инспекторат | https://finance.gov.mk/node/105 | Директор |
| Биро за јавни набавки | http://bjn.gov.mk/ | Директор |
| Управа за финасиско разузнавање | www.ufr.gov.mk | Директор |
| Управа за финансиска полиција | https://finance.gov.mk/node/103 | Директор |
| Управа за јавни приходи | http://www.ujp.gov.mk/ | Директор |
| Агенција за стокови резерви | http://www.asr.gov.mk/ | Директор |
| Биро за метрологија | http://bom.gov.mk/index.php/mk/ | Директор |
| Управа за наменско производство | http://economy.gov.mk/info/organi-vo-sostav | Директор |
| Државен пазарен инспекторат | http://dpi.gov.mk/ | Директор |
| Државен инспекторат за техничка инспекција | http://www.diti.gov.mk/mk/ | Директор |
| Управа за водостопанство | http://www.mzsv.gov.mk/Почетна/Министерство/Органи_во_состав/Управа_за_водостопанство.aspx | Директор |
| Управа за хидрометролошки работи | http://www.mzsv.gov.mk | Директор |
| Управа за семе и саден материјал | http://www.mzsv.gov.mk | Директор |
| Управа за заштита на растенија | | Директор |

| | | |
|---|---|---|
| Државен инспекторат за земјоделство | http://www.mzsv.gov.mk | Директор |
| Државен инспекторат за шумарство и ловство | http://www.mzsv.gov.mk | Директор |
| Фитосанитарна управа | | Директор |
| Државна фитосанитарна лабораторија | http://www.mzsv.gov.mk | Директор |
| Државен санитарен и здравствен инспекторат | http://dszi.gov.mk/ | Директор |
| Агенција за лекови и медицински средства | https://malmed.gov.mk/ | Директор |
| Педагошка служба | http://www.mon.gov.mk/index.php/ministerstvo-meni/organi-mon | Директор |
| Биро за развој на образованието | http://www.bro.gov.mk/ | Директор |
| Управа за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците | http://www.mon.gov.mk/index.php/ministerstvo-meni/organi-mon | Директор |
| Државен просветен инспекторат | http://dpi.mon.gov.mk/ | Директор |
| Управа за прашања за борците и воените инвалиди | http://www.mtsp.gov.mk/uprava-borci.nspx | Директор |
| Државен инспекторат за труд | http://dit.gov.mk/ | Директор |
| Државен инспекторат за локална самоуправа | http://is.gov.mk/kontakt-informacii-dils.nspx | Директор |
| Биро за регионален развој | http://brr.gov.mk/mk/%d0%b1%d0%b8%d1%80%d0%be/ | Директор |
| Управа за афирмирање и унапредување на културата на припадниците на заедниците во Република Македонија | | Директор |
| Управа за заштита на културното наследство на Република Македонија | http://uzkn.gov.mk/mk/ | Директор |
| Државен управен инспекторат | http://duinspektorat.mioa.gov.mk/ | Директор |
| Капетанија на пристаништа | http://www.mtc.gov.mk/kapetanija-na-prestanishtata | Капетан на капетанија |
| Државен инспекторат за | www.dti.gov.mk | Директор |

| | | |
|---|---|---|
| транспорт | | |
| Државен инспекторат за градежништво и урбанизам | http://is.gov.mk/opshti-informacii-dig.nspx | Директор |
| Државен комунален инспекторат | http://dki.gov.mk/ | Директор |
| Управа за сигурност во железничкиот систем | http://is.gov.mk/opshti-informacii-uprava-za-sigurnost-na-zeleznickiot.nspx | Директор |
| Државен инспекторат за животна средина | http://www.sei.gov.mk/index_mk.asp | Директор |
| Агенција за кастар на недвижности | http://www.katastar.gov.mk/ | Директор |
| Агенција за млади и спорт | http://www.ams.gov.mk/ | Директор |
| Агенција за иселеништво | http://www.makemigration.com/ | Директор |
| Агенција за храна и ветеринарство | http://www.fva.gov.mk/index.php?lang=mk | Директор |
| Агенција за администрација | http://aa.mk/ | Директор |
| Државен архив на Република Македонија | http://www.arhiv.gov.mk/index.php | Директор |
| Агенција за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој | http://www.ipardpa.gov.mk/Root/mak/default_mak.asp | Директор |
| Агенција за разузнавање | https://www.ia.gov.mk/ | Директор |
| Агенција за управување со одземен имот | http://odzemenimot.gov.mk/ | Директор |
| Агенција за стокови резерви | http://www.asr.gov.mk/ | Директор |
| Агенција за вработување на Република Македонија | http://www.avrm.gov.mk/ | Директор |
| Национална агенција за европски образовни програми | http://www.na.org.mk/index.php/mk/ | Директор |
| Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија | | Директор |
| Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството- Битола | | Директор |
| Агенција за подршка на претприемништвото на Република Македонија | http://www.apprm.gov.mk/ | Директор |
| Агенција за промоција на туризмот на Република Македонија | http://tourismmacedonia.gov.mk/ | Директор |
| Агенција за енергетика | http://www.ea.gov.mk/ | Директор |
| Агенција филм на Република Македонија | http://filmfund.gov.mk/ | Директор |

| | | |
|---|---|---|
| Агенција за квалитет и акредитација на здравствени установи | | Директор |
| Агенција за планирање на просторот | http://app.gov.mk/ | Директор |
| Државна комисија за одлучување во втор степен од областа на инспекцискиот надзор | | Директор |
| Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен | http://www.dkz.mk/node/7 | Претседател и членови |
| Комисија за заштита од дискриминација | | Директор |
| Државна комисија за жалби по јавни набавки | http://dkzjn.mk/ | Претседател и членови |
| Комисија за заштита на конкуренција | | Претседател и членови |
| Државна изборна комисија | http://www.sec.mk/ | Претседател и членови |
| Државна комисија за спречување на корупција | http://www.dksk.org.mk/ | Претседател и членови |
| Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи | http://kovz.gov.mk/ | Директор |
| Комисија за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер | http://komspi.mk/ | Претседател и членови |
| Фонд за здравствено осигурување | http://www.fzo.org.mk/ | Директор, претстедател, заменик претседател и членови на управен одбор |
| Фонд на пензиско и инвалидско осигурување на Македонија | http://www.piom.com.mk/ | Директор, претстедател, заменик претседател и членови на Управен одбор |
| Фонд за осигурување на депозити | http://www.fodsk.org.mk/Default | Директор претстедател, заменик претседател и членови на Управен одбор |
| Фонд за иновации и технолошки развој | http://www.fitr.mk/ | Директор |
| Државен завод за статистика | http://www.stat.gov.mk/ | Директор |
| Државен завод за индустриска сопственост | http://www.ippo.gov.mk/MK/Index_mk.aspx | Директор |
| Дирекција за радијациона сигурност | http://drs.gov.mk/index.php/mk/ | Директор |
| Дирекција за безбедност на класифицирани информации | http://www.dbki.gov.mk/ | Директор |
| Дирекција за заштита и | http://www.dzs.gov.mk/ | Директор |

| | | |
|---|---|---|
| спасување | | |
| Дирекција за заштита на лични податоци | https://dzlp.mk/ | Директор |
| Дирекција за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати | http://www.dcor.gov.mk/ | Директор |
| Институт за акредитација на Република Македонија | http://iarm.gov.mk/ | Директор |
| Институт за стандардизација на Република Македонија | http://www.isrm.gov.mk/ | Директор |
| АД "ГА-МА"-Скопје | http://www.gama.com.mk/ | Директор |
| АД "Македонска информативна агенција, во државна Сопственост"-Скопје | https://www.mia.mk/ | Директор |
| АД Водостопанство на Република Македонија Скопје | | Директор |
| АД  Државна Лотарија на Македонија | http://loto.mk/ | Директор |
| АД Електрани на Македонија ЕЛЕМ | http://www.elem.com.mk/ | Директор |
| АД ТЕЦ Неготино | http://www.tecnegotino.com.mk | Директор |
| АД за изградба и стопанисување со стамбен простор и деловен простор од значење за РМ- Скопје | http://www.adsdp.mk/ | Директор |
| АД за пренос на електрична енергија и управување со електро преносниот систем - МЕПСО | http://mepso.com.mk/ | Директор |
| АД Македонска пошта Скопје | http://www.posta.com.mk/ | Директор |
| Македонска банка за подршка на развојот АД Скопје | http://www.mbdp.com.mk | Директор |
| АД за вршење на енергетски дејности Македонски енергетски ресурси | http://makedonskienergetskiresursi.com.mk/ | Директор |
| АД за аеродромски услуги Аеродроми на Македонија | | Директор |
| АД Македонски железници- Транспорт - Скопје | https://mzt.mk/ | Директор |
| АД во државна сопственост М- НАВ АД Скопје | http://mnavigation.m-nav.info/?lang=mk | Директор |
| АД Агри Ленд Скопје | | Директор |

| | | |
|---|---|---|
| Јавно претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“ - Пробиштип | http://hszletovica.com.mk/ | Директор |
| Јавно претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ Кичево | http://www.studencica.com.mk/ | Директор |
| Јавно претпријатие за водоснабдување „Лисиче“ Велес | | Директор |
| Јавно претпријатие за водоснабдување „Стрежево“ Битола | http://www.strezevo.com.mk/ | Директор |
| Јавно радидифузно претпријатие Македонска-радио телевизија Скопје | http://mrt.com.mk | Директор |
| Јавно претпријатие „Македонска радиодифузија“ Скопје | http://www.jpmrd.gov.mk | Директор |
| Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми“ Скопје | http://www.mkdsumi.com.mk/index.php | Директор |
| Јавно претпријатие „Македонијапат“ Скопје | http://www.makedonijapat.com.mk | Директор |
| Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје Јасен Скопје | http://www.jasen.com.mk | Директор |
| Јавно претпријатие за берзанско работење Агроберза Скопје | | Директор |
| Јавно претпријатие „Службен весник на Република Македонија“ Скопје | http://www.slvesnik.com.mk | Директор |
| Јавно претпријатие за стопанисување со пасишта Скопје | | Директор |
| Јавно претпријатие Македонски железници-Инфраструктура Скопје | https://www.mzi.mk | Директор |
| Јавното претпријатие за државни патишта | http://www.roads.org.mk | Директор |
| Центар за управување со кризи | http://www.cuk.gov.mk | Директор |
| Државен испитен центар | http://dic.edu.mk | Директор |
| Државен архив на Република Македонија | http://www.arhiv.gov.mk | Директор |
| Инспекциски совет | http://www.is.gov.mk | Претседател, членови |
| Централен Регистар на | https://www.crm.com.mk | Директор |

| | | |
|---|---|---|
| Република Македонија | | |
| Ревизорско тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош | http://www.aaipa.mk/index.php?lang=mk | Директор |
| Државно правобранителство на република Македонија | http://www.drzavnopravobranitelstvo.gov.mk | Државен правобранител и заменици |
| Друштво за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје | | Директор |
| Трговско друштво НАФТОВОД ДОЕЕЛ Скопје | http://www.naftovod.com.mk/ | Директор |
| Фонд за осигурување на депозити | http://www.fodsk.org.mk/ | Директор |
| Центар за стручно образование и обука | http://www.csoo.edu.mk/ | Директор |
| | | |
| Политички партии | https://mk.wikipedia.org/wiki | Членови на извршни органи |
| **Единици на локална самоуправа** | | |
| Општина Чаир | www.cair.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Шуто Оризари | www.sutoorizari.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Сарај | www.saraj.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Ѓорче Петров | www.opstinagpetrov.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Карпош | www.karpos.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Центар | www.opstinacentar.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Кисела Вода | www.kiselavoda.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Бутел | www.opstinabutel.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Гази Баба | www.gazibaba.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Аеродром | www.aerodrom.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Демир Капија | www.opstinademirkapija.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Куманово | www.kumanovo.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Сопиште | www.opstinasopiste.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Кратово | www.opstinakratovo.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Пласница | www.plasnica.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Ранковце | www.rankovce.gov.mk | Градоначалник и претседател |

| | | |
|---|---|---|
| | | на Совет |
| Општина Старо Нагоричане | www.staronagoricane.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Лозово | www.opstinalozovo.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Чучер Сандево | www.cucersandevo.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Илинден | www.ilinden.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Петровец | www.petrovec.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Зелениково | www.zelenikovo.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Дебрца | www.debrca.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Ресен | www.resen.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Охрид | www.ohrid.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Крушево | www.krusevo.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Битола | www.bitola.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Свети Николе | www.svetinikole.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Јегуновце | www.opstinajegunovce.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Македонски Брод | www.mbrod.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Кичево | www.kicevo.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Чашка | www.caska.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Ново Село | www.novoselo.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Струмица | www.strumica.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Валандово | www.valandovo.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Дојран | www.dojran-info.com | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Богданци | www.bogdanci.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Гевгелија | www.gevgelija.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Кривогаштани | www.krivogastani.com | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Прилеп | www.prilep.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Демир Хисар | www.demirhisar.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Могила | www.mogila.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Новаци | www.opstinanovaci.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |

| | | |
|---|---|---|
| Општина Пробиштип | www.probistip.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Кочани | www.kocani.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Македонска Каменица | www.makedonskakamenica.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Чешиново-Облешево | www.cesinovo-oblesevo.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Зрновци | www.zrnovci.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Виница | www.opstinavinica.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Делчево | www.delcevo.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Карабинци | www.opstinakarbinci.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Пехчево | www.pehcevo.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Берово | www.berovo.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Радовиш | www.radovis.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Штип | www.stip.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Градско | www.gradsko.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Росоман | www.opstinarosoman.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Неготино | www.negotino.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Кавадарци | www.kavadarci.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Конче | www.konce.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Босилово | www.opstinabosilovo.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Василево | www.opstinavasilevo.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Крива Паланка | www.krivapalanka.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Студеничани | www.studenicani.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Велес | www.veles.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Липково | www.opstinalipkovo.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Арачиново | www.haracina.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Струга | www.struga.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Теарце | www.tearce.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Маврово и Ростуше | www.mavrovoirostuse.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Тетово | www.tetova.gov.mk | Градоначалник и претседател |

| | | |
|---|---|---|
| | | на Совет |
| Општина Боговиње | www.komunabogovine.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Желино | www.zhelina.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Брвеница | www.brvenica.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Врапчиште | www.komunavrapcisht.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Гостивар | www.gostivari.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Долнени | www.opstinadolneni.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Дебар | www.dibra.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Центар Жупа | www.merkezjupa.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |
| Општина Вевчани | www.vevcani.gov.mk | Градоначалник и претседател на Совет |

**АНЕКС 2**

# ИНДИКАТОРИ ЗА ОТКРИВАЊЕ НА ЗЛОУПОТРЕБИ НА СУБЈЕКТИТЕ ЗА ЦЕЛИТЕ НА ПЕРЕЊЕ ПАРИ КАДЕ ПОТЕНЦИЈАЛНИ СТОРИТЕЛИ СЕ НОСИТЕЛИТЕ НА ЈАВНИ ФУНКЦИИ

## 1. Индикатори поврзани со обиди за прикривање на идентитет на носителите на јавните функции:

Носителите на јавни фунции се свесни дека нивниот статус може да го олесни откривањето на нивното казниво поведение. Ова значи дека истите свесни за позицијата и статусот можат да се обидат да го заштитат својот идентитет во обид да бидат спречени во откривањето на нивните недозволени активности, најчесто преку:

1.1 Користење на различни форми на правни лица во насока на прикривање на вистинскиот сопственик.
1.2 Користење на различни форми на правни лица без оправдана економска причина.
1.3 Користење на посредници во случаи кога постои отстапување од нормалните, воспоставени бизнис практики или кога очигледно се прикрива идентитетот на носителот на јавната фунција.
1.4 Користење на членовите на фамилијата или блиски соработници како сопственици на правните субјекти.

## 2. Индикатори поврзани со однесувањето/активностите кои ги преземаат носителите на јавните функции и кога нивното однесување може да го зголеми ризикот и степенот на сомневање.

Специфичното однесување и индивидуалните карактеристики на носителот на јавна фунција може да предизвикаат одредени степени на сомневање, на пример:

2.1 Лицето со користење на различни форми на правни лица го прикрива: а) сопственилтвото б) инволвираноста во секторите/индустриите или в) земјите.
2.2 Лицето се интересира за политиката за СПП/ ФТ на субјектот, политиката на субјектот која се однесува за носителите на јавни фунцкии/ВИП клиенти.
2.3 Лицето не се однесува комфорно, односно не наведува или одбегнува да наведе информации за приходите или состојба на богатството.
2.4 Информациите и податоците кои лицето ги дава не се совпаѓаат со јавно достапните информации за состојбата на имот како и официјалните примања.
2.5 Лицето не може или не сака да ги објасни причините за водење бизнис во државата на субјектот.
2.6 Лицето доставува неточни или нецелосни информации.
2.7 Лицето се обидува и сака да го користи начинот на давењето на услугите од страна на субјектот на начин на кој не ги опфаќаат странските државјани или ВИП клиентите.
2.8 Движењето на средствата се повторува кон и во земји со кои носителот на јавната функција очигледно нема или немал никакви врски.

2.9 Носителот на јавна фунцкција е лице кое било или е одбивано за влез во странска држава (одбиван е за виза за државите за која е неопходна)
2.10 Кога носителот на јавна фунција е лице кое потекнува од земја во чие национално законодавство постои забрана за поседување сметки во странство.

3. **Позицијата на носителите на јавните функции или нивната инволвираност во бизнисот**

Позицијата на носителите на јавните функции како и околностите и начините на кои лицето се претставува, односно презентира се важен фактор кој треба да биде земен во предвид.

3.1 Лицето има значителен авторитет во пристапот до државните средства, креаирањето на политиките и државните активности.

3.2 Лицето има контрола врз процесот на регулирање на издавањето лиценци и концесии.

3.3 Лицето има формална или неформална можност за контрола на воспоставените механизми за СПП/ ФТ.

3.4 Лицето го намалува значењето на неговата/нејзината јавна улога или јавната функција која ја обавува.

3.5 Лицето не ги обелоденува сите позиции (вклучително и оние кои се ex officio).

3.6 Лицето има (делумна) контрола или одредено влијание врз владините или корпоративните (правни лица основани од државата) сметки.

3.7 Лицето (делумно) поседува или контролира субјект, приватно или ex officio.

3.8 Лицето (делумно) поседува или има контрола (приватно или ex officio) врз субјектите кога се јавува како партнер или кореспондент во трансакцијата.

3.9 Лицето е директор или вистински сопственик на правно лице кое се јавува како клиент на субјектот.

**4. Позиција на носителот/носителите на јавната функција поврзана со индустријата или секторите кои согласно дејноста се подложни на поголем ризик.**

4.1 Лицето има функција поврзана со :

- трговијата со оружје и производството на оружје
- банкарството и финансиите
- бизнис активностите поврзани со јавните набавки
- градежништво
- активности поврзани со здравјето на луѓето
- рударство и екстракција
- приватизација
- обезбедување на јавни добра, комунални услуги
- иновации/развој и друг облик на услуги.

**5. Индикатори поврзани со бизнис релации, трансакции, целисходност односно оправданоста на бизнис релациите**

5.1 Поголем број на поднесени СТР-и се однесуваат на носителот на јавната фунција.

5.2 Често/конзистентно користење на „заокружени износи“ во трансакциите кои тешко се објаснуваат и не соодветствуваат со очекуваното работење од бизнисот (економска оправданост).
5.3 Депонирање или повлекување на големи количини на готовина од сметка, или други инструменти за да се извршат големи плаќања
5.4 Другите субјекти го имаат прекинато деловниот однос со носителот на јавната фунција.
5.5 Другите субјекти биле под надзор или друг вид на контрола поради активностите поврзани со носителот на јавната функција.
5.6 Личните и деловните парични текови тешко се разликуваат едни од други.
5.7 Финансиската активност е во спротивност односно несоодветсвува со легитимната или очекуваната активност, средствата се пренесуваат на, од сметката, или помеѓу финансиски институции без никакво образложение.
5.8 Сметката покажува значителна активност по мирен период, или во релативно кратко време или кратко време по започнувањето на деловниот однос.
5.9 На сметката е прикажан значителен проток на пари или безготовински трансфер на пари (wire transfer) на, или од сметката.
5.10 Трансакции помеѓу сметки на различни правни лица и сметките на носителот на јавната функција.
5.11 Лицето не може или не сака да обезбеди детали или веродостојни објаснувања за воспоставувањето на деловен однос, отворањето на сметка или водењето на трансакции.
5.12 Лицето прима големи трансфери на странски средства на сметка намената за играње игри на среќа (gaming). Носителот на јавна функција повлекува мала сума на средства наменета за игри, а билансот го повлекува користејќи различни инструменти и начини.
5.13 Лицето користи трети страни за размена на играчки чипови за готовина и обратно, со мала или минимална играчка активност.
5.14 Лицето користи повеќе банкарски сметки без очигледна комерцијална или друга причина.

**6. Продукти, сервиси, трансакции или начини на исплата**

Носителите на јавни функции користат индустрии, услуги, трансакции или начини за исплата кои се со поголем ризик за ПП/ ФТ или кои можат да станат дополнително ранливи, а како што се:

- банкарство
- анонимни трансакции
- деловни и бизнис релации кои не се воспоставени согласно принципот „лице в лице“.
- плаќања добиени од непознати или неповрзани трети страни.
- бизниси кои главно ги задоволуваат странските клиенти кои имаат висока вредност.
- трустовите и давателите на консултантски услуги.
- безготовински трансфер на пари (wire transfers), до и од сметка на носителот на јавната фунција кои не можат да бидат економски објаснети, (немаат економсма оправданост) или нема соодветни и релевантни информации за средствата или за корисникот.
- кореспондентни сметки.
- дилери/промет со благородни метали и скапоцени камења, или друга луксузна стока.
- дилери на луксузни транспортни возила (како што се автомобили, спортски автомобили, бродови, хеликоптери и авиони).
-агенти со недвижнини.

**7. Специфични цели и индикатори поврзани со земји - географски фактор**

7.1 Странскиот или домашниот носител на јавната функија е лице кое потекнува од земја со повисок ризик (како што е дефинирано од страна на ФАТФ во Препораката 19, или Препораката 10).

7.2 Доколку носителот на јавната функција потекнува од земја со повисок ризик и во

неговата/нејзината земја има контрола или влијание врз одлуките кои ефективно се насочени кон решавање и идентификување на недостатоци во системот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам

7.3 Лица кои потекнуваат од земји кои од веродостојни извори се идентификувани како земји од висок ризик во однос на справување со корупција.

7.4 Лицата потекнуваат од земји кои не потпишале, не ги ратификувале или не ги имаат или недоволно ги имплементираат релевантните конвенции за спречување на корупцијата, како што се UNCAC и Конвенцијата за спречување на поткупот на ОЕЦД.

7.5 Лицата кои потекнуваат од земји кои се зависни, и земји каде економиите се насочени кон „извозот“ на недозволени добра.

7.6 Носители на јавни функции кои потекнуваат од земји со моно економии (економска зависност од еден или неколку извозни производи), особено ако се воспоставени мерки за контрола на извозот или лиценцирање.

7.7 Носители на јавни функции кои потекнуваат од земји со политички системи кои се засновани на лично владеење, автократски режими или земји каде главна цел е да ги збогати оние што се на власт и земјите со висок степен на патронажа.

7.8 Носители на јавни функции кои потекнуваат од земји со слабо и/или нетранспарентно управување и отчетност.

7.9 Носители на јавни функции кои потекнуваат од земји идентификувани од веродостојни извори како земји со високо ниво на (организиран) криминал.